

ПОСВЕТЕНОСТ: Една од првите генерации на Уметничката школа во Скопје

# Педесет години верност

Небојша Јаконов

**Заклучувањето на годината во која го одбележуваме 50-годишниот јубилеј на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, а особено закажаната голема ликовна изложба по тој повод, е сосема добра пригода за конечно да се констатира дека меѓу највредното што во оваа земја е создадено во тој половина век веројатно спаѓа и уметноста на овдешните ликовни творци**

Во годината кога се одбележува 50-годишнината од формирањето на Друштвото на ликовните уметници на Македонија два факта, се чини, се наметнуваат како суштествени. Првиот, несомнено, се однесува на тоа дека станува збор за маркантен јубилеј на овдешната култура - секако не само поради заокруженоста на бројот на годините во кои опстојува цеховското здружение на сликарите, скулпторите и графичарите од Македонија туку пред сè поради сознанието дека ДЛУМ во суштинска смисла исцело кореспондира со феноменот на постоењето на нашата современа ликовна уметност. Ова е, имено, така затоа што уметниците кои на 6 јануари 1946 година, во за прв пат национално осамостоената Македонија, го основаа Друштвото на ликовните уметници - а меѓу кои беа Василие Поповиќ Цицо, Димо Тодоровски, Томо Владимирски, Вангел Коџоман, Лазар Личеноски, Никола Мартиновски, Борко Лазески и др. - во основа беа и првите наши уметници кои таму некаде во триесеттите години на овој век или нешто пред тоа почнаа автономно да се изразуваа во дискурсот на западноевропската модерна.

**Другиот, пак,** факт што сам за себе произлегува од размислувањето за полувековното постоење на ДЛУМ е сега, по сиве овие години, веќе сосема јасното сознание дека ликовната уметност е една од најдоблесните вредности на овдешната култура од која, несомнено, не би се срамеле ниту земји со многу подолги културни традиции одошто е нашата. Неоспорно, оваа вторава констатација некому може да му се види како сосема протоколарна, но изгледа дека работата е токму во тоа што импозантната збирка на националната ликовна уметност создавана од илјадници луѓе во текот на овие седумдесетина години очебијно говори дека сме земја со можеби куса, но затоа моќна ликовна традиција што нè наредува меѓу значајните уметнички „ареали“ најмалку барем во делот на југоисточна Европа каде што, нели, опстојуваат не само по население помногубројни туку и по долговечност многу постари држави од Македонија.

Кажаново, ќе се согласите, јасно упатува на заклучокот дека петте децении постоење на ДЛУМ - што ќе рече на една институција која никогаш не претставувала форма на уметничко здружување по афинитет (какви што своевремено постоеја во западна Европа) туку, пред сè, беше еден вид на сеопфатна професионална асоцијација што ќе ги застапува интересите на ликовните уметници во однос на целокупните односи во заедницата - многу повеќе одошто е повод за величање на „националните“ вредности, е прилика да се потсетиме на сите оние автори кои ја чинат таа наша, како што констатиравме, значајна ликовна традиција. Поинаку кажано да се потсетиме на сите оние тогашни... речки индивидуалитети кои




го сочинуваат сосема заокружениот и обликуван корпус на современата ликовна уметност во Македонија, почнувајќи од оние генерации кои први зачекорија во просторот на едно сосема поинакво користење на медиумот стар колку што е старо и самото човештво - употребувајќи го не веќе само за да се „олицетворат“ општите, колективни културни „идиоми“ на заедницата туку и да се проговори и за најсложените аспекти на човековото индивидуално постоење - па



Никола Мартиновски



Лазар Личеноски



Петар Мазев



Родољуб Анастасов

сè до во моментов активните уметници кои, еве, и во ова време на сосема нарушени скалила на вредности (во кое секој кој ќе проншверцува неколку шлепери курентен индустриски бофл може да се надева на висок општествен рејтинг) опстојуваат на маѓепсничката вештина со четкичка или со длето да се изразуваат таинствените дамари на човековата егзистенција.

**Според судот** на науката, еден од основните белези на македонската современа уметност е нагласената генерациска детерминираност на стилските определби што доминираат во одреден период. Токму ова, се чини, ни дава и убава можност дури и во сосема стеснетите рамки на еден скуден новинарски текст да се обидеме да кажеме по нешто за динамичните мени низ кои има минато ликовната уметност во Македонија во последниве 50 години, претставувајќи ги барем главните естетски струи што оставија релевантни белези во таа уметност. Се-



Душан Перчинков



Глигор Чемерски

како, во таа смисла првата и сосема неодминлива група на автори - на кои, во основа, им припадна честа веднаш по ослободувањето да го оформат ДЛУМ - е онаа генерација на сликари и скулптори која (по пионерските исчекори на уметниците кои кон крајот на минатиот век го зачнаа профаното сликарство во Македонија, пред сè Димитар Андонов Папрадишки и Ѓорѓи Зографски, како и по првите поединечни појави на нови западноевропски естетски струења што во почетокот на веков беа забележани на нашиве простори) прва, врз основа на образованието во разни ликовни центри во Европа, го внесе модерниот ликовен дискурс во овдешниот културен простор. За чудо, веднаш на почетокот, меѓу овие автори, пионери на современата македонска уметност, бележиме доблесни имиња кои рамноправно се носат со тогашните најактуелни движења на европската уметност. Во прв ред тоа се однесува на Никола Мартиновски (1903-1973) - автор кој, несомнено, ни малку не заостанува зад авторите на прославената Париска школа (во



Димитар Кондовски



Петар Хаџи Бошков



Ордан Петлевски



Спасе Куноски



Тома Шијак



Јордан Грабуловски



Ристо Калчески



Анета Светиева



Петре Николовски

неа, за илустрација, спаѓа, да речеме и еден Модиљани) или на новиот социјален реализам на триесетите години, движења на кои тој им припаѓа и по образованието и по сензибилитетот, но и по резултатите - подеднакво како и на Лазар Личеноски (1901-1964), творец на кој, веројатно, македонската ликовна уметност повеќе од кого било му ја должи бележитата способност за плодотворно вкрстување на сопствените културни традиции со најактуелните ликовни движења во западноевропските земји. Секако, овие две, денес слободно може да кажеме, грамадни сликарски појави, во никој случај не беа и единствените творечки имиња од таа прва генерација на школувани сликари и скулптори од Македонија кои, веднаш во старот, го беа надминале провинцискиот комплекс создавајќи универзални уметнички творби што ќе ги надминат тесните територијални рамки на нашава мала земја. Доволно е, да речеме, во таа смисла да се спомене еден Борко Лазески (1917 - 1992) кој во својата подоцнежна ориентација кон монументалното сликарство темелено врз кубистичките постулати на големиот Андре Лот во одредени случаи ќе ги досегне вредносните висини дури и на прочуената мексиканска муралистичка школа.

**Несомнено - освен** пионерското дело на споменатата сликарска генерација чии претставници, како тогаш веќе изградени авторски имиња, највеќе придонесоа да се поставaт фундаментите на организираниот ликовен живот во Македонија, основајќи го не само сликарското здружение туку, во 1945 година, и Уметничката школа во Скопје, што, се чини, ќе се покаже како уште позначаен чинител за понатамошниот развиток - најзначаен удел за дефинитивното етаблирање на западноевропските естетски идиоми во земјава ќе одигра токму генерацијата уметници што во овдешниот културен живот ќе се пројави во педесеттите години на овој век. Станува, имено, збор за оние автори кои на свои плеќи ќе го изведат - често бивајќи изложени на остри напади не толку од страна на ликовните конзервативци колку од оние пред сè политички чинители кои по војната го застапуваа советскиот, „револуционерен“ концепт за улогата на ликовната уметност - дефинитивниот „преврат“, внесувајќи ја полноправно Македонија на картата на европските ликовни движења. Во таа прва повоена генерација на млади македонски сликари и скулптори спаѓаат, меѓу другите: Димитар Кондовски, Петар Хаџи Бошков, Спасе Куновски, Ордан Петлевски, Ванчо Ѓорѓиевски, Петар Мазев, Томо Шијак, Пеце Видимче, Миле Корубин, Драгутин Аврамовски, Богољуб Ивковиќ, Ристо Калчевски и др. кои небаре како порој ќе се втурнат во македонското културно милје на педесеттите години донесувајќи не само нова свежина, туку и суштествен пресврт во разбирањето како на ликов-





ДВЕ ГЕНЕРАЦИИ: Големиот маг Петар Мазев...

ното творештво така и на уметноста воопшто.

**Неоспорно, прашање** што е наменето пред сè на теоријата е колку во сеопштата промена на културниот амбиент што ќе се случи во Македонија во педесеттите години на овој век, удел имаа токму ликовните уметници од споменатата генерација наспроти, да речеме, нивните генерациски испсисници во областа на литературата. Имено, се чини токму во тие години ќе се создаде координативниот систем на вредности што остојува сè до денес, а во кој поларни точки ќе останат, на една страна, преферирањето на националните културни традиции, а на друга ќе се најде онаа постојана тенденција кон „интернационализација“ на македонската култура и нејзино полно отворање кон културите на другите, поразвиени земји со кои го делиме историскиот простор на овој XX век.

Погледнато низ таква една призма, се чини, слободно би можело да се каже дека ликовните уметници отсекогаш биле оние кои повеќе од колегите во другите уметнички дисциплини се залагале за отвореност на овдешната култура, секако не заборавајќи ги традиционалните вредности кои, и на полето на ликовната уметност, имаат моќна референца во оставнината на големото средновековно сликарство создавано на овие простори. За жал, скудноста на просторот со кој располагаме овој пат не ни дава можност нашироко да ги констатираме сите оние сложени формално естетски струења кои во Македонија ги внесоа сликарите од споменатата повоена авторска генерација, оставајќи ни ја, евентуално, можноста да кажеме по некој збор за нив одново само врз основа на оние помаркантните творечки појави кои со своето дело, недвојбено, ги имаат досегнато квалитетните висини на, како што често сосема провинцијално го нарекуваме, „белиот свет“. А такви имиња меѓу сликарите кои, во желбата што побргу да се освојат просторите на творечката слобода како основен белег на модерната уметност на нашиов век, во педесеттите години ги формираа првите уметнички групи во земјава (групата „Денес“ од 1953 година во која членуваа поголем број сликари, скулптори и архитекти, потоа ВДИСТ, група што ја основаа неколку млади битолски сликари, и конечно, групата „Мугри“ од 1960 година) има, би рекле, навистина многу.

**Меѓу нив е,** на пример, еден Петар Хаџи Бошков, кој својата фасцинација од современата европска повоена скулптура, пред сè од творештвото на британскиот гигант Хенри Мур, ќе ја претвори во плодотворен творечки дух на кој, подоцна, ќе се втемели цела една сега славна плејада на помлади автори чии дела без никаква скромност може да ги оцениме во самиот врв на актуелната скулпторска продукција во Европа и светот. Во оваа група, секако, неизоставно мора да ги споменеме и Патар Мазев - кој, исто така, со својата определба кон апстрактниот експресионизам ќе остави длабок белег врз подоцнежното македонско сликарство - но и Димитар Кондовски и Тома Шијак како маркантни репрезенти, првиот на геометриската апстракција, проседе со кое во шеесеттите и седумдесеттите години ќе се нареди меѓу најзначајните сликари во тогашна Југославија, а вториот како еден од најраните и најдобрите застапници на неоконструктивистичките тенденции во овој дел на Европа. Неоспорно, би била неправда во еден ваков кус список на вредни автори од таа генерација да не се споменат и еден Спасе Куновски, веројатно најдобриот толкувач на фантастиката и поетскиот надреализам на нашиве простори (една од тенденциите која, исто така, остави длабок печат врз македонското повоено сликарство), или Родољуб Анастасов, кој по забележителното учество во афирмацијата на апстрактното сликарство во педесеттите и раните шеесетти години, подоцна стана еден од родоначалниците на обновената фигурација во седумдесеттите години. Конечно, секако не како последен, тука е и еден Ристо Калчевски, сликар чија врвна светска вредност и „модерност“, се чини, ја откривме дури по неговата прерана смрт.

**Тезата дека** Македонија има ликовна уметност која честопати го надминува нејзиниот мал географски „габарит“ - факт што, би рекле, го откриваме токму сега по повод 50-годишниот јубилеј на ДЛУМ - несомнено своја потврда наоѓа и во творечките генерации кои ќе ги наследат споменатите автори. Впрочем, најдобра потврда за ова не се само сосема автохтоните авторски појави на еден Глигор Чемерски - кој суверено плови низ просторите на ликовноста подеднакво воодушевувајќи нè нас овде, но и избирливата ликовна публика во Франција - или на Владимир Георгиевски со неговиот згуснат неосимболистички ликовен ракопис туку и мнозина други творци родени по војната кои на ликовната сцена ќе се појават во шеесеттите и седумдесеттите (меѓу другите: Рубенс Корубин, Илија Пенушлиски, Нове Франговски, Танас Лулевски, Душан Перчинков, Ана Темкова, Васко Ташковски, Симон Шемов и други).

На сиве овие, нешто подоцна ќе се надоврзе и, така да ја наречеме, најмладата генерација македонски ликовни уметници која, се чини, наспроти сè поголемата социјална и економска криза и сè поевидентната негрижа на заедницата за она што уметниците го создаваат, не помалку од своите претходници одново ја докажува „високата верност“ на овдешниот уметнички корпус во однос на репрезентирањето на најдоблесните страни на културното живеење. Доволно е, да речеме, во таа смисла да го спомнеме Димитар Манев, кој своевремено ја одушеви југословенската и европската ликовна критика со своето автентично и свежо толкување на експресионистичките сликарски постулати, или можеби скулпторката Анета Светиева која по квалитетот, несомнено, спаѓа во самиот врв на актуелната европска уметност. Патем, како своевидна потврда дека тој константен наплив на вредности, кои по ништо не заостануваат зад оние од богатите и развиените земји, слободно би можеле да ги земеме и делата не само, на пример, на еден Петре Николовски или на Глигор Стефанов, кои денес, како мнозина македонски уметници пред нив, успешно работат во странство, туку и на цела низа сосема млади творци во распон


... и Димитар Манев

од Станко Павлески па сè до Жанета Вангели.

**Секако, како** што споменавме некаде на почетокот на овој текст, овие силни фалби на сметка на македонската современа ликовна уметност некому може да му се сторат само како чиста куртоазија наспроти прославата на значајниот јубилеј на уметничката асоцијација на Македонија. Неоспорно е, имено, дека за 50-те години на ДЛУМ, како што сега стојат работите, човек може да говори и на сосема друг начин, на пример споменувајќи ја анегдотата што своевремено ќе ја каже Петар Хаџи Бошков велејќи дека како млад уметник „надлежните“ за развитокот на ликовната уметност во земјава, на неговите барања да му се обезбедат подобри услови за работа, му велеле: „ти си млад, само распни платна и сликај, ние ќе се погрижиме за останатото“. „И јас шпанував платна и сликав“, вели Хаџи Бошков, додавајќи дека оттогаш па сè досега го слуша истото објаснување, што него лично го навело на помислата дека сиот живот го минал - во распнување платна. За чудо оваа не баш весела приказна за реалноста на животот на луѓето кои во оваа земја беа решиле да се занимаваат со ликовна уметност, во основа, и не нуди некој суштински поразличен приод кон актуелниот јубилеј. Напросто, тоа што ние се решивме да го истакнеме фактот дека меѓу она најдоброто што е создадено во последниве 50 години во оваа земја веројатно спаѓа и ликовното творештво, од некого, се надеваме, ќе биде исто така разбрано и како апел, не помалку критички настроен одошто тоа би било говорењето за незавидната состојба во која во моментов се наоѓа нашата ликовна уметност. Од друга страна, ова наше скромно писание е и своевидна покана за одамна закажаната мамутска изложба по повод „златната“ годишнина на ДЛУМ што, конечно, ќе биде отворена кон крајот на овој месец во халите на Скопското саjмиште, на која, веруваме, овдешната публика ќе се увери во издржаноста на основната теза на нашиот текст. Којзнае, можеби некој тогаш и ќе се досети дека македонските сликари и скулптори за својата педесетгодишна верност кон творештвото заредуваат барем малку повисок општествен рејтинг и внимание од кој било новопечен „шверц-комерц“ бизнисмен или таму некоја естрадна ѕвезда која плете евтини „патриотски ноти“.

□